Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 424/5
13-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-424 од 18.08.2022 година, поднесена од [redacted] во име на [redacted], законски застапник за малолетниот [redacted] против Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 13.12.2022 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол сторена од Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, во областа на здравствена заштита.

## Образложение

На 18.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 424/1, од страна на [redacted] во име на [redacted], законски застапник за малолетниот [redacted] против Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на здравствена заштита.

Во поднесената претставка се наведува дека [redacted] е дете на 13 годишна возраст кое боледува од т.н. редок Алажилов синдром-генетско нарушување кое влијае на функционирањето на црниот дроб, срцето и бубрезите. Здравствената состојба на малолетникот [redacted] е оД таква природа при што се јавува зачестена потреба детето да биде хоспитализирано во здравствен установа. Последен прием на детето за хоспитализација видно од медицинската документација е од 31.05.2022 година до 06.06.2022 година. Во претставката е наведено дека при хоспитализациите на детето, таткото е спречен во остварување на своето законско право да се јави како придружник на детето за време на неговата хоспитализација. Секогаш кога е побарано од страна на таткото да го придружува малолетниот [redacted] за време на неговата хоспитализација, не е дозволено поради праксата на клиниката за детски болести дека придружувањето на децата во текот на вечерта е дозволено само за мајката, а во случај на спреченост на мајката, истото е овозможено само за роднини на хоспитализираното дете од женски пол (баба, тетка, вујна, стрина сл). Придружбата на татковците во Детската клиника е овозможена само преку ден. Подносителите на претставка известуваат дека ваквото нееднакво постапување по основ на пол е констатирано во Извештајот на радосниот правобранител во 2016 година. По извршениот увид во детските клиники, во текот на 2016 година од страна на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Народниот правобранител е доставена информација до Министерство за здравство но и до директорите на здравствените установи во кои има детски одделенија. Со информацијата било препорачано да се преземат сите неопходни мерки за обезбедување на простории и други предуслови во одделенијата во кои се хоспитализира дете со придружник, и тоа право подеднакво да може да го користи секој родител/ старател без разлика на полот.

Во претставката е наведено дека со дискриминација врз основа на пол освен семејството на малолетниот [redacted], се соочуваат и други родители на малолетни деца кои имаат потреба од хоспитализација во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 19.08.2022 година испрати Известување бр. 08-424/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести.

На ден 02.09.2022 година, во законски предвидениот рок, до архивата на Комисијата беше доставено писмено произнесување по однос на наводите во претставката од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести. Во одговорот ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести во целост ги отфрла наводите во претставката како неосновано, паушални и непоткрепени со доказ и известуваат дека во целост е испочитувано правото на пациентот да има придружник. Во својот одговор укажуваат дека и покрај тоа што се во целост посветени на грижата и заштитата на здравјето на децата сепак како јавна здравствена установа располагаат со ограничен буџет, имаат ограничени ресурси и простории за работа, но постојано прават напори за да обезбедат колку што е можно подобри и посоодветни услови за заштита и грижа на здравјето на децата. Во одговорот е наведено и дека како јавна здравствена установа имаат ограничен простор на располагање, па поради тоа во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести просторните услови не дозволуваат физички, односно во различни простории да се подеалт децата кои се со придружник-мајка и децата кои се со придружник-татко. Во одговорот го наведуваат и како факт дека најголемиот дел од болните деца кои се хоспитализирани во нивната клиника доаѓаат со придружник-мајка, а на оваа околност доколку е потребно се спремни да достават и соодветна документација и статистички податоци. ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести известуваат и дека во ваква ситуација кога во болничките соби се сместени повеќе деца во придружба со нивните мајки, за нив би било недозволено во истата соба да биде сместено и возрасно лице од машки пол, имајќи предвид дека во истите простории придружниците поминуваат повеќе денови, па истите користат тоалет, се пресоблекуваат и така натаму. Потенцираат дека единствена причина поради која евентуално би можело да се случи родител- татко да не му биде дозволено да биде придружник на своето дете во нивната клиника е поради тоа што не е соодветно родители од различни полови заедно со своите деца да престојуваат во заеднички простории.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледа сите наводи како во претставката така и во произнесувањето по истата од страна на пријавените и при одлучувањето по оваа претставка за заштита од дискриминација поаѓа од неколку позиции.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**Прво**, согласно Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *„се забранува секоја дискриминација врз која било дискриминаторска основа, вклучително и полот*". Целта на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите*".

Во Член 8, став 1, во Законот се предвидува и директна дискриминација која "*постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*"

Дополнително, Законот во членот 13 исто така ги препознава *„повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и* ***подложена дискриминација***" како потежок облик на дискриминација. Потежок облик на дискриминација којшто согласно член 4 точка 12 од Законот значи "дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи" е утврден во случајот од причина што е земен во предвид и фактот дека дискриминација по ова прашање се констатирала и во 2016 година од страна на Народниот правобранител, и дека и покрај тоа што се дадени препораки и насоки за отстранување на дискриминацијата, истата се случува се уште односно доставените препораки од страна на Народниот правобранител до универзитетска клиника и директорите на клиниките каде што постојат детски одделенија не се спроведени.

**Второ**, согласно член 9 точка в, алинеја 3 од Законот за здравствено осигурување, како основни здравствени услуги во болничката (краткотрајна и долготрајна) здравствена заштита се сместување и исхрана на придружник по неопходно придружување на дете до три годишна возраст, додека е на болничко лекување но најмалку 30 дена. Имајќи ја предвид оваа одредба, законот не предвидува дека придружник може да биде само лице од женски пол, туку терминот придружник се однесува и на машки и женки пол.

Согласно член 6 од Законот за здравствено осигурување, "*Како членови на семејство на осигуреник, во смисла на овој закон се сметаат: брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување*". Бабата, вујната, стрината или други роднини на осигуреникот не се сметаат како членови на семејство. Право на боледување за негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст, но не повеќе од 30 дена, избраниот лекар може да го издаде само на членови на потесното семејство

на осигуреникот (брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување). Ова значи дека од потесно семејство се исклучуваат родителите на осигуреникот, како мајка, татко, потоа баба, дедо, внуци, свекор, свекрва па затоа за нив лекар нема право да издаде боледување за нега. Овој член оди во прилог на тврдењето дека неосновано се повикуваат во својство на придружници-лица кои согласно закон не се сметаат членови на семејството на осигуреникот.

Понатаму, согласно член 5 од Законот за здравствена заштита "*Пациентот има право на остварување на правата пропишани со овој закон, без дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус*".

Од сето горенаведено и од анализата на правната рамка, што се однесува на заштитата на пациентот од дискриминација, во домашното законодавство може да се заклучи дека Република Северна Македонија се залага и за посебна цел ја има заштитата на правата на пациентите и елиминирањето на дискриминацијата во било која форма и интензитет кои можат да се појават во оваа област.

Трето, Согласно член 44 од Законот за семејство "*родителско право го сочинуваат правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца*" и член 45 од истиот Закон "*родителско право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво*".

Согласно член 9 од Уставот на РСМ, "*Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви*".

Дополнително, основна цел на Законот за еднакви можности на мажите и жените согласно член член 2 став 1 е "*воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот,* " член 2 "*Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.*"

Имајќи ја во предвид законската рамка во Република Северна Македонија и сите овие факти и докази Комисијата смета дека лицето [redacted] е дискриминиран врз основ на пол и истиот бил доведен во понеповолна положба во однос на припадниците на другиот пол. Во конкретниот случај постои споредлива ситуација на ова лице со некое друго лице, односно на припадници на машкиот пол во споредба со припадници на женскиот пол.

ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје со преземените дејствија односно со ограничувањето на татковците како родители да ги придружуваат своите деца при хоспитализација во клиниката сторува директна, продолжена дискриминација по основ на пол, постапува неповолно спрема родителите од машкиот пол што доведува до ограничување до нивните права во однос на остварување на правата од здравствена заштита и родителски права.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот предмет утврди директна продолжена дискриминација врз основа на пол во областа на здравствена заштита сторена од страна на, ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, како што е наведено во диспозитивот на ова мислење.

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести да ја отстрани дискриминаторската практика и да пронајде начин да овозможи услови татковците да ги придружуваат своите хоспитализирани деца под еднакви услови и да имаат ист третман како и мајките на хоспитализираните деца и за истото да ја извести Комисијата во рок од 90 дена од приемот на ова Мислење.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести во иднина да се воздржи од преземање на дискриминаторски дејствија врз основа на пол, или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Republika e Maqedonisë së Veriut Komisioni i parandalimit dhe i mbrojtjes nga diskriminimi Република Северна Македонија Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Доставено до:
[redacted]
-ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести- Ул. Водњанска бр.17, 1000 Скопје
-Министерство за здравство-Ул. 50-та девизија број 6, 1000 Скопје